20262724919

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 13 став 1 од Законот за прометот на експлозивни материи („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/85, 6/89 и 53/91) кој согласно член 5 став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91 и 4/92) е преземен како републички пропис и („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/93, 66/07, 86/08, 148/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21), Министерството за внатрешни работи објавува

ЛИСТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЕКСПЛОЗИВНИТЕ МАТЕРИИ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ПУШТААТ ВО ПРОМЕТ

Во Листата на експлозивните материи што можат да се пуштаат во промет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/98, 19/01, 46/04, 106/06, 208/15 и 104/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 56/19, 120/19, 231/19, 52/20, 42/21, 140/21, 280/22, 147/23, 176/24, 252/25, 23/26, 144/26 и 203/26), во Дел V. „СРЕДСТВА ПОЛНЕТИ СО ЕКСПЛОЗИВНИ МАТЕРИИ“ во точка 13. во алинејата 16 точката на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

По точката 13 се додаваат три нови точки 14., 15. и 16., кои гласат:

„14. Пиротехничко средство Запалки/Иницијатори/Игнитери (igniters/inflators) за цивилна употреба, производи за возила P2, Modul B, со класификација UN 0454, 1.4S, ADR, производство на „Daicel Safety Systems Europe Sp.z.o.o.“, со седиште на ул. „Strefowa“ бр.6, 58-130 Zarow, Полска;

15. Пиротехничко средство Запалки/Иницијатори/Игнитери (igniters/inflators) за цивилна употреба, производи за возила P1, Modul B, со класификација UN 0454, 1.4S, ADR, производство на „EMS-PATVAG s.r.o.“, со седиште на ул. „Brancovice“, бр.350, 683-33 Brankovice, Чешка;

16. Пиротехничко средство Запалки/Иницијатори/Игнитери (igniters/inflators) за цивилна употреба, производи за возила P1, Modul B, со класификација UN 0454, 1.4S, ADR, производство на „Shaanxi Qinghua Vehicle Safety Systems Co.Ltd“, со седиште на ул.„Tianhong Street“, бр.1, Baqiao District, Shaanxi, Кина.“.

Бр. 13.1.1-251923/1
16 ноември 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
Панче Тошковски, с.р.